Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

Бр. 10

26.04.2022

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Создавање предуслови за инфраструктурна поврзаност на н.м. Журче со Регионален пат Р1306“**

1. Ја објавувам Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Создавање предуслови за инфраструктурна поврзаност на н.м. Журче со Регионален пат Р1306“ донесена на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 21.04.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 480/1 Општина Демир Хисар**
**26.04.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 91, став 3 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 21.04.2022 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Создавање предуслови за инфраструктурна поврзаност на н.м. Журче со Регионален пат Р1306“**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар дава согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **„Создавање предуслови за инфраструктурна поврзаност на н.м. Журче со Регионален пат Р1306“**

Проценетата вредност на проектот од став 1 на овој член изнесува 677.320,00,00 денари. Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со средства од Бирото за регионален развој во вредност од 330.000,00 денари, а преостанатите средства во вредност од 347.320,00 денари ќе биде сопственото учество на Општина Демир Хисар.

Член 2

Оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар ја донесува врз основа на Јавниот повик 2022 година за прибирање на предлог проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој, развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата, објавен од страна на Бирото за регионален развој.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр.17- 469/2 Совет на општина Демир Хисар
21.04.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09,

16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Искористување на конкурентските предности на Пелагонискиот регион преку подобрување на патната инфраструктура"**

1. Ја објавувам Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Искористување на конкурентските предности на Пелагонискиот регион преку подобрување на патната инфраструктура" донесена на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 21.04.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 480/2 Општина Демир Хисар**
**26.04.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 91, став 3 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 03/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 21.04.2022 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Искористување на конкурентските предности на Пелагонискиот регион преку подобрување на патната инфраструктура"**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар дава согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **"Искористување на конкурентските предности на Пелагонискиот регион преку подобрување на патната инфраструктура".**

Член 2

Планираната вредност за реализација на под-проектот од член 1 на оваа Одлука изнесува 5.633.908,11 денари.

Проектот ќе биде реализиран од страна на Центар за развој на Пелагониски плански регион.

Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со средства од Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година во износ од 5.000.000,00 денари и средства од Општина Демир Хисар во износ од 633.908,11 денари како сопствено учество.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр.17- 469/3 Совет на општина Демир Хисар
21.04.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09,

16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за издавање деловен простор, сопственост на општина Демир Хисар, под закуп**

1. Ја објавувам Одлуката за издавање деловен простор, сопственост на општина Демир Хисар, под закуп донесена на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 21.04.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 480/3 Општина Демир Хисар**
**26.04.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 3 став 2, како и член 36 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (“„Службен весник на Република Македонија” бр.78/15, 106/15,153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.101/19, 275/19 и 122/21), како и член 36 став 1 точка 10 од Законот за Локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), и член 43 од Статутот на општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 21.04.2022 година донесе

О Д Л У К А
За издавање деловен простор, сопственост на општина Демир Хисар, под закуп

Член 1

Со оваа одлука се издава деловен простор, сопственост на општина Демир Хисар, под закуп.

Член 2

Деловниот простор кој е предмет на издавање под закуп е следниот:

1. Деловен простор на приземје во дел од Задружен дом во Сопотница, на КП бр. 4557 во КО Сопотница со површина од 80 м2.

Член 3

Деловниот простор се издава под закуп за период од 10 (десет) години.

Член 4

Постапката за издавање на деловниот простор под закуп од член 1 од оваа одлука ќе ја спроведе Комисија за користење и располагање со стварите во сопственост на општина Демир Хисар, во состав:

- Влатко Станковски- Претседател
- Катерина Радовска- член
- Загорка Милошевска - член

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Демир Хисар”.

Бр.17- 469/4 Совет на општина Демир Хисар
21.04.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за измена на Решението за разрешување на член во Училишен одбор претставник од Локалната самоуправа во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар**

1. Го објавувам Решението за измена на Решението за разрешување на член во Училишен одбор претставник од Локалната самоуправа во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар донесено на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 21.04.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 480/4 Општина Демир Хисар**
**26.04.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 43 став 1 точка 5 од Статутот на општина Демир Хисар/"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21/, а во врска со член 57 од Законот за измени и дополнување на Законот за основно образование /"Службен весник на РМ" бр.63/2004 / Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 21.04.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За измена на Решението за разрешување на член во Училишен одбор претставник од Локалната самоуправа во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар**

Во целост се менува точка 1 од Решението за разрешување на член во Училишен одбор претставник од Локална самоуправа во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар и истата треба да гласи:

1.Со ова решение се разрешува членот во Училишниот одбор на ООУ "Гоце Делчев" Демир Хисар Менче Наловска од с.Слепче предложена како претставник од Локалната самоуправа именувана со решение бр.17-251/28 од 12.03.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Демир Хисар.*

Д-но:
-ООУ „Гоце Делчев„ Демир Хисар
-Архива на општина Демир Хисар
-именуваниот

Бр.17- 469/5 Совет на општина Демир Хисар
21.04.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар**

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар донесено на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 21.04.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 480/5 Општина Демир Хисар**
**26.04.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02), член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19) и член 43 од Статутот на Општината Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), Советот на Општината Демир Хисар на седницата одржана на 21.04.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈП „ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар**

1. Од должноста член на Управниот одбор во ЈП „ДЕХИ ТРАНС"Демир Хисар се разрешува:
   - **Живко Дранговски од с.Белче**
2. За член на Управниот одбор во ЈП „ДЕХИ ТРАНД" Демир Хисар се именува:
   - **Зоран Божиновски од с.Единаковци**
3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар".

По еден примерок од Решението да се достави до:
- архивата на општината,
- ЈП „ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар,
- Разрешениот член и
- Именуваниот член.

Бр.17- 469/6 Совет на општина Демир Хисар
21.04.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за формирање на комисија за спроведување на постапки за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари во општина Демир Хисар**

1. Го објавувам Решението за за формирање на комисија за спроведување на постапки за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари во општина Демир Хисар донесено од Градоначалник на Демир Хисар одржана на 21.04.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 480/6 Општина Демир Хисар**
**26.04.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 4 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („„Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15,153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19 и 122/21), член 63 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 94 став 3 од Статутот на општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13,

18/14 и 10/19), Градоначалникот на општина Демир Хисар донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за формирање на комисија за спроведување на постапки за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари во општина Демир Хисар

Член 1

Се формира комисија за спроведување на постапки за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари во општина Демир Хисар, во следниот состав:

1. Влатко Станковски – Претседател
2. Катерина Радовска– Член
3. Загорка Милошевска –Член

Член 2

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на општина Демир Хисар.

Доставено до:
- Влатко Станковски
- Катерина Радовска
- Загорка Милошевска
- Архива

Бр.08-468/1 Општина Демир Хисар
20.04.2022 година Градоначалник
Демир Хисар Никола Најдовски с.р.

---------------------------------------------------------

***С О Д Р Ж И Н А***

1.Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Создавање предуслови за инфраструктурна поврзаност на н.м. Журче со Регионален пат Р1306“------------------1
2. Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот “Искористување на конкурентските предности на Пелагонискиот регион преку подобрување на патната инфраструктура“-----------------2
3. Одлука за издавање деловен простор, сопственост на општина Демир Хисар под закуп-------------------------------------------3
4. Решение за измена на Решението за разрешување на член во Училишен одбор претставник од локална самоуправа во ООУ Гоце Делчев“ Демир Хисар-------------------4
5. Решение за разрешување и именување на член член во Управен одбор во ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар---------------------5
6.Решение за формирање комисија за спроведување на постапка за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари---------------------------------------5-6

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска бр.8**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**